Врз основа на член 39 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за норматив за стручните соработници во основното, основното музичко-балетско и средното образование

### Член 1

Со овој правилник се утврдува нормативот за видот на образованието на стручните соработници кои остваруваат воспитно-образовна дејност во основното и средното образование.

### Член 2

Стручен соработник педагог во основното и средното училиште ја остварува лице дипломиран педагог со 240 кредити според ЕКТС или завршен Филозофски факултет VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

### Член 3

Стручен соработник психолог во основното и средното училиште ја остварува лице дипломиран психолог со 240 кредити според ЕКТС или завршен Филозофски факултет VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

### Член 4

Стручен соработник дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор во основното и средното училиште ја остварува лице дипломиран дефектолог/ специјален едукатор и рехабилитатор со 240 кредити според ЕКТС или завршен Филозофски факултет VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 5**

Стручен соработник  социолог во основното и средното училиште ја остварува лице дипломиран социолог со 240 кредити според ЕКТС  или завршен Филозофски факултет VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 6**

Стручен соработник  социјален работник во основното,  односно средното училиште ја остварува лице дипломиран социјален работник  со 240 кредити според ЕКТС  или завршен Филозофски факултет VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 7**

Стручен соработник  библиотекар во основното и средното училиште ја остварува лице:

- дипломиран библиотекар  со 240 кредити според ЕКТС или  VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
- со соодветни додипломски студии на факултет со наставна насока со 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации или
- со високо образование со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветниот факултет  со 240 кредити или VII 1 степен односно VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 8**

Стручен соработник корепетитор-пијано соработник во основното музичко-балетско училиште во одделот за основно музичко образование-

инструментален оддел (за инструментите: виолина, виола, виолончело, кларинет, флејта, обоа, труба, тромбон, хорна, саксофон, удирачки инструменти, контрабас, фагот и соло пеење) ја остварува лице со завршени студии по пијано со 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII1 степен на Факултет за музичка уметност, музичка академија или висока музичка школа односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Стручен соработник - корепетитор-пијано соработник во основното, одосно средното музичко-балетско училиште ја остварува лице

- со завршени студии по пијано со 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII1 степен на Факултет за музичка уметност, музичка академија или висока музичка школа односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
- со завршени студии по музичка уметност, музичка академија или висока музичка школа со 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII1 степен на Факултет за музичка уметност, музичка академија или висока музичка школа односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Нормативот за стручните соработници во основните училишта бр.12-7611/1 од 6.04.2015 година, Нормативот за стручните соработници во средните училишта бр.12-7610/1 од 6.04.2015 година и Нормативот за стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основните музички и балетски училишта бр.12-7218/1 од 27.3.2015 година.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска с.р**

**Бр. 18-10156/1**
**30.9.2020 година**
**Скопје**